Подвлечено економското партнерство помеѓу САД и Македонија

На 23 март, амбасадорот Волерс ја посети Хи-тек корпорацијата во Орешани близу Скопје. Хи-тек е една од најголемите успешни приказни за претприемништво во Македонија и е одличен пример за економското партнерство помеѓу САД и Македонија. Фирмата, која започна со работа во гаража во 1981, денес е водечки производител на електронски плочи. Овие плочи се произведуваат исклучиво за извоз, пред се во земјите на ЕУ, и се користат во напредни апликации како на пример во авионите на Боинг. За да може да ги произведе овие електsронски плочи, Хи-тек користи опрема, софтвер и репроматеријал купени од САД.

Слика: Амбасадорот Волерс во посета на Хи-тек корпорацијата во Орешани кај Скопје, 23 март 2012

Str. "Samoilova" Nr.21 1000 Skopje /Telephone (+389) (2) 310 2000, Fax (+389) (2) 310 2499 E-mail: EmbSkoWebM@mt.net.mk